❖ Внимамателно прочитај го текстот и раскажи што и се случило на Елена.

РОСИЦА

Едно утро Елена влезе во градината на дедо си.

– Еј, колку убави цвеќиња! – извика радосно и пушти раче по едно да го скине.

– Немој да ме кинеш, ќе ме боли! – ја замоли цвеќето.

Елена се изненади и клекна до него.

– А може да те погалам? – праша.

– Може. Само внимавај да не ми ги срониш лисјата.

Елена ја подаде раката. Тогаш забележа капка врз цветот.

– Ах, солза! – извика со тага.

– Не. Не е солза – ѝ одговори цвеќето. – Тоа е росица. Секое утро таа ми ги мие цветчињата, како тебе мајка ти лицето и рачињата.

❖ **Обиди се да раскажиш како тебе да ти се случило тоа.**

РОСИЦА

Едно утро _______________ во градината на дедо ____.

– Еј, колку убави цвеќиња! – извика_ радосно и пушти__ раче по едно да го ски______

– Немој да ме кинеш, ќе ме боли! – ____ замоли цвеќето.

_______ се изненади__ и клекна__ до него.

– А може да те погалам? – ____ праша__.

– Може. Само внимавај да не ми ги срониш лисјата.

_______ ја пода_____ раката. Тогаш забележа__ капка врз цветот.

– Ах, солза! – извика__ со тага.

– Не. Не е солза – __ одговори цвеќето. – Тоа е росица. Секое утро таа ми ги мие цветчињата, како тебе мајка ти лицето и рачињата.

Заокружи - Како ја изврши зададената задача?

самостојно со мала помош од наставник имав потреба од поголема поддршка

resursi.literatura.mk